тар, бидејќи е општо позната, односно доаѓа до негирање на постоењето на македонската нација и дека таа отсекогаш имала бугарски национален карактер.

Треба да се одбележи дека ваквата политика на негирање на постоењето на македонската национaлност во Пиринска Македонија со поголем или помал интензитет и во денешни прилики сè уште е присутна и кај сегашните државни и партиски раководни кругови во НР Бугарија.

Лазар ЛАЗАРОВ

## Драјољуб Драгојловић, Богомилство на Балкану и у Малој Азији, I Богомилски родоначалници, Београд, 1974, с. 233

Интересирањето за историјата на богомилството во нашата и странската наука, во последно време добило големи размери. За тоа се пресудни две причини. Првата, што познатите изворни материјали не се доволно проучени, и нивната историографска вредност во поголема или помала мера не е доволно оценаta. Второ, се поставувало прашањето каков бил односот на богомилството кон старото еретичко наследство, и односот на богомилите кон истовремените дуалистички движења. Појавата на овие сложени прашања довело да се обработат повеќе студии од областа на богомилството. Една нова и комплексна обработка врз споменатите прашања наоѓаме во студијата на Д. Драгојловиќ, Богомилството на Балканот и во Мала Азија. Авторот го усмерил своето внимание кон целосното прикажување на еретичките движења на Балканот и во Мала Азија, односно ги обработил богомилските родоначалници; масалијанството и павликијанството.

Во уводот се потцртува дека богомилството спаѓа меѓу најзначајните социјално-верски и идеолошки појави кај Јужните Словени, и тоа кога христијанството претставувало единствена идеологија. Неговите корени потекнувале од старите средновековни дуалистички движења; павликијанството и масалијанството. Но тоа по својата идејност било ново и делумно изменето учење. Не било автотоно и типично словенско, а уште помалку национално движење на овој или оној народ. (с.з.). Авторот не штедејќи време и труд, се стремел што попрегледно да ги изнесе сите досегашни тези за дуалистичките движења и да ги посочи противречностите во истите. Така, во I глава тој прави осврт на врските на дуалистичките еретички движења; гностицизмот, манихејството, павликијанството и масалијанството со богомилството, во времето кога тоа се појавило и ширело (с. 5—24). Д. Драгојловиќ смета дека генезата на богомилството може да се одреди со детално проучување на сродните движења; масалијанството и павликијанството. Затоа тој од II до VI глава го обрабо-

тува масалијанското движење, а од VII до XI глава павликијанското движење. Во врска со овие движења тој ги излага поприфатливите тези и хипотези, коментира по истите и забележува дека видни резултати се постигнати повеќе на полето на издавањето на изворните материјали (с. 25). Покрај различните и противречните тези за овие движења, било заедничко мислењето на многу истражувачи дека тие наполно се слеале и нтегрирале со богомилството.

Во III глава „Изворите за историјата на масалијанството" (с. 29—62), направен е критички осврт на византиските, ерменските и словенските извори. Бидејќи изворниот материјал има неуедначена литерарна и изворна вредност, авторот забележува дека знаењата за ова (движење) на Балканот и во Мала Азија биле делумно целосни или површни и оскудни (с. 29).

Во студијата на Д. Драгојловиќ извесен простор е посветен на името и потеклото на сектата масалијани (г. IV. с. 63—84). Потоа се прикажани разновидните облици и форми преку кои се манифестирало тоа еретичко движење. Од бројните изданци подоцна настанале самостојните движења како: фундајаити во Мала Азија, богомили и патарини на Балканот и катари на Запад. Така масалијанството поминало низ разни развојни фази и промени синкретизирајќи се со новите верски учења и религиска практика. Тоа значи дека неминовна била редукцијата на некои движења и прифаќањето на нови учења, според потребите на историскиот развиток и временските услови. Што значи, во верското движење со силно изразен синкретизам, кое се манифестирало преку бројните и разновидни огранци, со појака или послаба дуалистичка ориентација, некогашните примарни учења станале секундарни и прифатени во еден друг историски период (с. 63).

Познато е, дека низ целиот среден век масалијанството и павликијанството играле важна улога во верскиот и политичкиот живот на Византија и соседните држави. Тргнувајќи од големото значење на овие движења, авторот доста внимание посветил на нивното верско, етичко и политичко учење.

Во V глава е прикажан историскиот развиток на масалијанството во Мала Азија и на Балканот (с. 85—108). Во првата половина на V век масалијанството веќе станало универзално еретичко движење, и за него се дискутирало на многу собири. Д. Драгојловиќ детално расправа за сите одлуки, законодавни одредби и мерила донесени во врска со оваа ерес. Потоа тој коментира по разните тези на истражувачите од оваа проблематика и дава свои заклучоци.

Д. Драгојловиќ во VI глава (с. 109—123), преку својата компаративна метода, ја објаснува суштината на масалијанската теологија и христологија. Потоа, расправа за космичкиот и антрополошкиот дуализам, и смета дека од идејна гледна точка сето тоа во поголема мера се репродуцирало кај богомилите.

За павликијанството како второ еретичко движење за кое во студијата расправа авторот, научно интересирање започнало во XVII век, а при крајот на XIX век тоа доживеало голем полет. Авторот, правејќи еден детален преглед на досегашните бројни трудови и студии за ова движење, забележува дека комплетна монографија за истото не постоела (с. 128).

Преку запознавањето на читателот со изворите за историјата на павликијанството, авторот со својата акрибичност и извонредното познавање на проблематиката, дискутира по важните проблеми такви како што се, за автентичноста на списите, кои зборуваат за павликијаните и другите ереси, за преписите и редакциите на истите за хрониките, за студиите за павликијанството, итн.

Во врска со потеклото на името на павликијанската ерес се зборува најпрвин за политичките прилики во Ерменија и соседните области од V век до средината на IX век. Прегледно се образложени разните тези во врска со името павликијани, кое во ерменските извори се јавувало во разни форми (с. 160 — 164). Во продолжение авторот наведува детални податоци за грчката, словенската и средновековната традиција за потеклото на павликијаните, како и за разните и противречни тези на истражувачите во врска со тоа и друго. (с. 164—174). Авторот потцртува дека ерменските повликијани, освен името, немале ништо заедничко со автентичните павликијани од средните и источните области на Мала Азија (с. 160—161). „Павликијанското движење како еретичко било забележано по сломот на манихејството. А тоа било како реакција на една општа резигнација, која ги опфатила жителите на источните провинции од империјата" (с. 173). Павликијанското движење во изградбата на својата верска и политичка идеологија се базирало и инспирирало од учењата на другите слични и спротивни ереси. Авторот забележува дека тоа не можело да се ослободи од ориенталниот мистицизам, но сепак имало многу рационален став во догматското учење, одошто манихејската ерес и ортодоксната црква (с. 173—-174).

Во X глава е даден историјатот на павликијанството (с. 175—200). „Историјата на павликијанството опфаќала два хронолошки не подударни и територијално-раздвоени огранка, малоазискиот и балканскиот, кои чинеле една целина во верски и политички, а во прво време, и во етички поглед". Бидејќи историјата и на двата огранка била испреплетена, па според тоа и се наметнало нивното заедничко проучување. (с. 175). Податоците за историјата на малоазискиот огранок — павликијани, хронолошки се потврдени од VII до крајот на X век, со повремени известу-

вања и во подоцнежниот период, сè до средината на XV век. Авторот ги обработил: прогонствата на павликијаните за време на Јустинијан II, политиката на Лав III кон нив, нивните судири со Арабјаните, оружените борби на павликијаните со Византија и друго. Бидејќи овие павликијани по долги борби, биле наполно разбиени во политички и воен смисол, истите се појавуваат на територијата на Ерменија и Арабија, извесен број биле присилно покрстени. Во Мала Азија сепак тие се одржале долго и последен пат се споменуваат кога Смирна 1326 год. паѓа под турска власт. (с. 189).

Павликијанската ерес на Балканот била пренесена од колонистите кои Константин Копроним во два наврата 747 и 757 год. ги преселил од источните области на Мала Азија во Тракија и соседните краеви. Потоа авторот забележува дека во изворите често се заменуваат павликијаните со богомилите и инсистира на разликите меѓу тие две еретички движења (с. 195). Павликијаните на Балканот образувале црковни општини. Во врска со нив во науката постоеле многу противречни тези. Извесен дел од научниците тие ги прикажувале како богомилски. Авторот е на мислење дека тие имале локално и национално обележје и дека нивните начелници се стремеле да се прикажат како противници на римскиот папа и антипапа. (с. 209).

Во XI глава сажето и прегледно се изложени верските, политичките и етичките сфаќања на павликијаните (с. 200—212). Така се расправа за павликијанскиот теолошки дуализам, нивната космогонија и христологија, црковните традиции и верски обреди, и друго.

На крајот на трудот авторот дава резиме на француски јазик, во кое уште еднаш доаѓа до израз неговата оргиналност. Книгата располага со богат научен апарат и регистар. Списокот на бројните извори и литература зборува дека авторот користел познати стари и нови изданија. На многу прашања, преку извонредното познавање на изворите и литературата што ја користел, дадени се оргинални заклучоци од кои некои се базирани на постарите резултати а некои на неговите истражувања од соодветната материја.

Бидејќи оваа студија третира витални прашања за богомилското движење, веруваме дека истата ќе наиде на широк интерес кај научните работници што се занимаваат со проучувањето на дуалистичките еретички движења. Нејзината појава за нашата научна средина претставува голем придонес во збогатувањето и расветлувањето на низа досега непознати прашања од оваа област.

Евантија АРИСТОТЕЛИ